РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
ОПШТИНА БИТО...
| Примено: | 05-03-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вре... |
| 11 | 42/1 | | |

До: Општина Битола
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## за пристап до информации од јавен карактер

[redacted]

[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Број на вработени лиценцирани инспектори во општината, според области, категории и нивоа на работни места на инспекторите (состојба во 2019 година и 2023 година)

2. Број на предвидени работни места за инспекторите согласно систематизацијата на работни места во општината.

3. Доставете ни ја Методологијата за проценки на ризик која ја донесува раководителот на инспекциската служба.

4. Доставете ни ги полугодишните извештаи (јануари -јуни и јули – декември) за работата на инспекциската служба за 2023 година и линкови за нивните објави на вашата веб-странца?

5. Број на издадени опомени и решенија за отстранување на неправилности и недостатоци изречени од вашата инспекциска служба за 2023 година.

6. Број на барања за поведување на кривична и прекршочна постапка кои Вашите инспектори ги имаат поднесено до надлежни органи во 2023 година.

7. Број на отфрлени барања за поведување на кривична/прекршочна постапка во 2023 година кои Вашите инспектори ги имаат поднесено до надлежни органи.

8. Доставете ни ја антикорупциска програма на инспекциската служба, доколку ја имате.

9. Доставете ни ги вашите пишани процедури за спречување на судир на интереси за инспекторите, доколку ги имате.

10. Број на инспекциски надзори спроведени во вашата општина од страна на Државниот управен инспекторат во периодот 2021-2023 година, (информациите доставете ги на ниво на години).

11. Какви неправилности констатирал Државниот Управен инспекторат при надзорот во вашата општина во периодот 2021 -2023 година, (информациите доставете ги на ниво на години).

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

[redacted]

Во Битола
Датум: 05.03.2024 година

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Кирил Мицевски
Раководител на Општински Инспекторат

Бр.11-42/2
05.03.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-42/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 05.03.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 52 | 36 | | |

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

# ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор - општински инспекторат

ДО
Сектор за правно – нормативни , административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 12-03-2024
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
11 | 42/3 | |

ПРЕДМЕТ : Одговор на Барање за пристап на информации од јавен карактер

Почитувани, согласно доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер Ви ги доставуваме бараните информации по редослед:

1. Број на вработени лиценцирани инспектори во општината , според области , категории и нивоа на работни места на инспекторите (состојба во 2019 година и 2023 година )

**III-1. Преглед на инспектори кои вршат инспекциски надзор по вид и старост во 2023 година**

| | | возраст | возраст | возраст | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| инспектот | вид | 40-50г. | 51-60 | > 60 | |
| Раководител на сектор | Б2- главен инспектор | 1 | | | 1 |
| Инпектор за патен сообракај | В1-советник инспектор | | 1 | | 1 |
| Инспектор за патишта | В1-советник инспектор | | | / | / |
| Комунален инспектор | В1-советник инспектор | 1 | 1 | 1 | 3 |
| Комунален инспектор во постапка за лиценца | В1-советник инспектор | 1 | | | 1 |
| Инспектор за животна средина | В1-советник инспектор | | 1 | | 1 |
| Градежен инспектор | В1-советник инспектор | | | 1 | 1 |
| Градежен инспектор | В1-советник инспектор | 1 | | | 1 |
| Инспектор за утврдување и наплата на данок на имот | В1-советник инспектор | | 1 | | 1 |
| Инспектор за домување | В1-советник инспектор | | | / | / |
| Просветен инспектор | В1- советник-кандидат | 1 | | | 1 |
| вкупно | | 5 | 4 | 2 | 11 |

Од Сектор Општински инспектотат од 2019 до 2023 година во пензија заминаа 3 инспектори (1 инспектор за домување,1 комунален инспектор и 1 инспектор за патишта) и на нивно место е примен 1 градежен, 1 комунален инспетор и 1 инспектор за домување во завршна постапка за вработување.

2. Во врска со точка 2 од Барањето во Сектор општински инспекторат на општина Битола согласно систематизацијата на работни места се предвидени се :
-Раководител на Сектор Општински Инспекторат – 1 главен инспектор
-Раководител на одделение за комунална инспекција и инспекција за животна средина-1 виш инспектор
- овластен комунален инспектор - 4
- овластен инспектор за домување – 1
- овластен инспектор за животна средина – 1
- комунален редар- 1
-Раководител на одделение за градежна инспекција и инспекција за патен сообраќај и патишта -1 виш инспектор
- овластен градежен инспектор- 2
- овластен инспектор за патен сообраќај – 1
- овластен инспектор за патишта – 1
- Раководител на одделение за инспекција за приходи , туризам , угостителство , образование и спорт – 1 виш инспектор
- овластен инспектор за утврдување и наплата на данок на имот – 1
- овластен инспектор за угостителство -1
- овластен инспектор за туризам -1
- овластен просветен инспектор – 1
3. Во врска со точка 3 од Барањето кое се однесува на Методологијата за проценки на ризик во Закон за инспекциски надзор во член 32 став 4 е кажано кој изготвува Методологија, при проценаката на ризикот на инспециските надзори се водиме согласно член 23 од Законот за инспекциски надзор.
4. По точка број 4 од Барањето Ви доставуваме копија од полугодишните извештаи (Јануари – Јуни и Јули – Декември ) за работата на инспекциската служба за 2023 година и а како линк е **www.bitola.gov.mk** – општинска веб страница, во делот програми и извештаи.
5,6,7. Во врска со точките 5, 6 и 7 од Барањето за 2023 година , Ви ги доставуваме во писмена форма од секој инспектор поединечно.
8. Во врска со Доставете ни ја антикорупциска програма на инспекциската служба , доколку ја имате,Општина Битола секоја година донесува Годишен план за спречување на корупција и судир на интереси и истиот е јавно објавен на веб страната на општината , во него се вклучени и ризиците кои ја опфакаат работаат на инспекторатот, во делот на воведувањето на ДМС .
9. Во врска со точка 9 од Барањето се повикуваме на Законската регулатива што ја опфаќа областа за спречување на судир на интереси.
10 . Нема извршени инспекциски надзори од страна на Државниот Управен инспекторат за периодот 2021-2023 година.
11. Нема извршено надзор

Со почит,
52-36/1
11.03.2024

Сектор Општински Инспекторат

м-р Кирил Мицевски- главен инспектор

“Булевар 1ви Мај” 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234; 208 340 факс: 047 238 723 е-маил: битолаЖмт.нет.мк њњњ.битола.гов.мк

М-р Кирил Мицевски - главен инспектор

Раководител на Сектор- Општински инспекторат

Предемет: Достава на податоци за 2023 г.

- Вкупно предмети -156
- Решенија/опомена – 42
- ППН – 98
- нема предмети во судска постапка

Изработил

М-р Кирил Мицевски

Раководител на сектор Општински инспекторат

**Љупчо Бошевски** – комунален инспектор

- Вкупно предмети за 2023 год. - 140 предмети
- Решенија – опомена - 92 предмети
- ППН - 12 предмети

Општина Битола

06.03.2024 год.

Изработил:

Љупчо Бошевски ------------

Сашо Илијовски – комунален инспектор

- Вкупно предмети за 2023 год. - 207 предмети
- Решенија – опомена - 145 предмети
- ППН - 13 предмети

Општина Битола

06.03.2024 год.

Изработил:

Сашо Илијовски ------------

Сектор Инспекторат

М-р Кирил Мицевски – Раководител

07.03.2024г.

Известување

Почитувани ,

Во текот на 2023г. Овластениот инспектор за даноци на имот издал 55 Решенија со опомена за отстранување на неправилности и недостатоци .

Барања за поведување на кривична / прекршочна постапка во 2023 г. нема .

Со почит ,

Ленче Петровска

Советник овластен инспектор за даноци на имот

---------------------------------------------------------------------

ОПШТИНА БИТОЛА
СЕКТОР - ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОРАТ

Бр. 52-40
06.3.2024

До
Мицевски Кирил
Раководител на сектор општински инспекторат

Предмет: Одговор на барање информации од јавен карактер

Во 2023 година во при вршење на инспекциски надзор утврдив вкупно 27 неправилности за кои изреков 9 опомени на записник и 18 задолжувања со решенија.

За 3 (три) од нив поднесов барање за поведување на прекршочна постапка до Основен Суд Битола од кои за еден е донесена осудителна пресуда, а два сеуште се во прекршочна постапка.

Јулијана Ивановска
Овластен инспектор за животна средина

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор – Општински инспекторат
БИТОЛА

До
Раководител на Сектор – Општински инспекторат
Кирил Мицевски

**Предмет: Известување на барање за доставување на податоци**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци, по предходно барање о[redacted] Битола, за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме за следното:

- 24 – донесени решенија за отстранување на објект, во текот на 2023година.

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**Славица Пејовска дипл.инж.арх.**

ДО

м-р Кирил Мицевски

раководител на Сектор-Општински инспекторат 07.03.2024 г.

ПРЕДМЕТ: Достава на податоци за 2023 г.

1. Број на решенија – 107
2. Број на прекршочни платни налози – 22

Владимир Прчков

овластен инспектор за патен сообраќај

ОПШТИНА БИТОЛА
СЕКТОР - ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОРАТ

До

Раководител на Сектор- Општински инспекторат

Кирил Мицевски

Предмет: Достава на податоци по претходно доставено барање за пристап до информации од јавен карактер.

Почитувани, согласно доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер доставено од [redacted], Ви ги доставувам следниве податоци:

- број на издадени опомени и решенија за отстранување на неправилности и недостатоци – **1(еден)**
- број на барања за поведени кривични/ прекршочни постапки – **нема**
- број на отфрлени барања за поведување на кривична/ прекршочна постапка – **нема**

Со почит,

Марина Стефановска – Јовчева

Општински просветен инспектор

---------------------------------------

Весна Гроздановска – комунален инспектор

- Вкупно предмети -213
- Решенија – 98
- ППН – 90
- нема поведени кривични и прекршочни постапки

Изработил

Весна Гроздановска

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор општински инспекторат

# ШЕСТ МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО

на Сектор општински инспекторат

за период ЈАНУАРИ - ЈУНИ 2023 година

Дел. Бр. 144 /1

Датум: 14.07.2023 год

Место: Битола

Кирил Мицевски

Раководител на сектор Општински инспекторат

(м.п.)

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола

тел: 047 234 234 047 208 354 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор општински инспекторат

## Резиме

Општинскиот инспекторат е орган во состав на Општина Битола. Инспекторите врши надзор во согласност со законските прописи со кои се регулирани прашањата од сферата на: градежништвото и урбанизмот, комуналните дејности, општинскиот превоз на патници, општинските патишта и улици, заштитата на животната средина, основното и средното образование, наплатата на даноците и таксите.

**ОПШТИ ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ДЕЛУВАЊЕ НА ИНСПЕКТОРИ ВО СЕКТОР ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОРАТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

- Инспектори вршат инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите кои се во надлежност на Општина Битола, согласно позитивни законски прописи и општи акти на Република Македонија;
- Инспекторите го вршат инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;
- Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедуваат еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи;
- Навремено, економично и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;
- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи;
- Инспекторите се самостојни при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор;
- При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторите ги превземаат само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимавада не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;
- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;
- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка;
- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторите се водат од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;
- При вршење на инспекцискиот надзор инспекторите првенствено вршат превентивна функција, а изрекуваат инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61    7000 Битола

тел: 047 234 234    047 208 354    факс: 047 208 307    e-mail: bitola@mt.net.mk    www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор општински инспекторат

## Организација и раководење

Општински инспекторат согласно Систематизацијата на работни места во општина Битола –Сл. гласник бр.12/2015 и направените измени е организирана како:

- Сектор Општински инспекторат,
- Одделение за комунална инспекција и инспекција за животна средина,
- Одделение за градежна инспекцијаи инспекција за патен сообраќај и патишта.
- Одделение за инспекција на приходи, туризам, угостителство, образование и спорт.

Со секторот раководи Раководител на сектор- главен инспектор, во секторот има 10 инспектори од различни области, покрај инспекцискиот кадар во секторот согласно систематизацијата ангажирани се и :1 технички секретари,1 извршител,1 комунален редар, и 2 помлад соработник за организациска и административна подршка на градежната инспекција и инспекцијата за сообраќај и патишта. Бројот на инспектори по поделни области- вид како и старосна граница се представени во наредната табела.

III-1. Преглед на инспектори кои вршат инспекциски надзор по вид и старост

| | | возраст | возраст | возраст | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| инспектот | вид | 40-50г. | 51-60 | > 60 | |
| Раководител на сектор | Б2- главен инспектор | 1 | | | 1 |
| Инпектор за патен сообраќај | В1-советник инспектор | | 1 | | 1 |
| Инспектор за патишта | В1-советник инспектор | | | 1 | 1 |
| Комунален инспектор | В1-советник инспектор | 2 | 1 | 1 | 4 |
| Инспектор за животна средина | В1-советник инспектор | | 1 | | 1 |
| Градежен инспектор | В1-советник инспектор | | 1 | | 1 |
| Инспектор за утврдување и наплата на данок на имот | В1-советник инспектор | | 1 | | 1 |
| Инспектор за домување | В1-советник инспектор | | | 1 | 1 |
| Прсветен инспектор | В1советник инспектор0 | 1 | | | 1 |
| вкупно | | 4 | 5 | 3 | 12 |

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола

тел: 047 234 234 047 208 354 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор општински инспекторат

## Извештај од работењето на Секторот општински инспекторат за пртиод 01.01- 30.06.2023 г. по одделенија и инспекциски служби:

1.Одделение за комунална инспекција и инспекција за животна средина

Во одделението за комунална инспекцика, инспекција за животна средина и инспекцијата за домување во периодот 01.01- 30.06.2023 година е постапувано по вкупно 557 предмети, преставки, различни дописи и сл., поединечно дадени по следниот распоред:

1.1. Комунална инспекција

1.1.1.-реализирани предмети во инспекциска постапка- 334

1.1.2.- реализирани предмети општ деловодник –57

1.2. Инсекција за домување

1.2.1.-реализирани предмети во инспекциска постапка-77

1.2.2.-реализирани предмети општ деловодник-7

1.3. Инспекција за животна средина

1.3.1- реализирани предмети во инспекциска постапка- 50

1.3.2- реализирани предмети општ деловодник -32

**2. Одделение за градежна инспекција, инспекција за патен сообраќај и патишта**

Во Одделение за градежна инспекција, инспекција за патен сообраќај и патишта од 01.01- 30.06.2021 година е постапувано по вкупно 244 предмети, преставки различни дописи и сл., поединечно дадени по следниот распоред:

2.1. Градежна инспекција

2.1.1.- реализирани предмети во инспекциска постапка- 89

2.1.2.- реализирани предмети општ деловодник – 13

2.1.3.- извршител -39

2.1.4.- иврштител општ дел.-14

2.2. Инспекција за патишта (испразнето поради пензионирање)

2.2.1.- реализирани предмети во инспекциска постапка- 5

2.2.2.- реализирани предмети општ деловодник- /

2.3. Инспекција за патен сообраќај

2.3.1- реализирани предмети во инспекциска постапка- 78

2.3.2.- реализирани предмети општ деловодник-6

3. Одделение за инспекција за приходи, туризам, угостителство, образование и спорт

Во Одделение за инспекција за приходи, туризам, угостителство, образование и спорт од 01.01- 30.06.2023 година е постапувано по вкупно 9 предмети:

3.1. Инспектор за утврдување и наплата на данок на имот( подолг период е отсутна заради боледување)
3.1.1- реализирани предмети во инспекциска постапка- 8
3.1.2- реализирани предмети општ деловодник-

3.2. Просветен инспетктор -1

Покрај извршувањето на редовните работни задачи поголем дел од инспекторите се вклучени и во процесот на легализација на бесправно изградени објекти, во комисии за постапки од јавните набавки и сл.

## Обуки на инспекторите и административните службеници

Во шест месечниот период од 2023 година не се реализирани генерички и спшецијализирани обуки за инспекторите согласно новиот Закон за инспекциски надзор во Секторот.

Во 2023 година ќе се пензионираат вкупно 3 инспектори заради што е неопходно ангажирање на нови инспектори кои ќе започнат постапка за лиценцирање како би се овозможило континуирано постапување по предмети.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор општински инспекторат**

# ШЕСТ МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО

на Сектор општински инспекторат

за период ЈУЛИ - ДЕКЕМВРИ 2023 година

Дел. Бр. 01

Датум: 03.01.2024 год

Место: Битола

Кирил Мицевски

Раководител на сектор Општински инспекторат

(м.п.)

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола

тел: 047 234 234 047 208 354 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор општински инспекторат**

## Извештај од работењето на Секторот општински инспекторат за период од 01.07- 31.12.2023 г. по одделенија и инспекциски служби:

### 1.Одделение за комунална инспекција и инспекција за животна средина

Во одделението за комунална инспекција, инспекција за животна средина и инспекцијата за домување во периодот 01.07- 31.12.2023 година е постапувано по вкупно 534 предмети, претставки, различни дописи и сл., поединечно дадени по следниот распоред:

1.1. Комунална инспекција

1.1.1.-реализирани предмети во инспекциска постапка- 534

1.1.2.- реализирани предмети општ деловодник – 113

1.2. Инспекција за домување

1.2.1.-реализирани предмети во инспекциска постапка-16

1.2.2.-реализирани предмети општ деловодник- 5

1.3. Инспекција за животна средина

1.3.1- реализирани предмети во инспекциска постапка- 40

1.3.2- реализирани предмети општ деловодник - 20

### 2. Одделение за градежна инспекција, инспекција за патен сообраќај и патишта

Во Одделение за градежна инспекција, инспекција за патен сообраќај и патишта од 01.07- 31.12.2023 година е постапувано по вкупно 128 предмети, претставки различни дописи и сл., поединечно дадени по следниот распоред:

2.1. Градежна инспекција

2.1.1.- реализирани предмети во инспекциска постапка- 73

2.1.2.- реализирани предмети општ деловодник – 113

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола

тел: 047 234 234 047 208 354 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

2.2. Инспекција за патен сообраќај

2.2.1.- реализирани предмети во инспекциска постапка- 38

2.2.2.- реализирани предмети општ деловодник- 8

2.3. Инспекција за патишта

2.3.1- реализирани предмети во инспекциска постапка-/

2.3.2.- реализирани предмети општ деловодник-/

2.4. Извршител

2.4.1- реализирани 7 предмети во инспекциска постапка

2.4.2- реализирани предмети општ деловодник-20

**3. Одделение за инспекција за приходи, туризам, угостителство, образование и спорт**

Во Одделение за инспекција за приходи, туризам, угостителство, образование и спорт од 01.07- 31.12.2023 година е постапувано по вкупно 73 предмети:

3.1. Инспектор за утврдување и наплата на данок на имот

3.1.1- реализирани предмети во инспекциска постапка- 66

3.1.2- реализирани предмети општ деловодник- /

3.1.3. Инспектор за образование и спорт- 7 предмети

Покрај извршувањето на редовните работни задачи поголем дел од инспекторите се вклучени и во процесот на легализација на бесправно изградени објекти, во комисии за постапки од јавните набавки и сл.

## Обуки на инспекторите и административните службеници

Во 2023 година не се реализирани генерички и специјализирани обуки за инспекторите согласно новиот Закон за инспекциски надзор во Секторот.

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-42/4
13.03.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **05.03.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-42 од 05.03.2024 година**, каде бара информација за бројот на вработени лиценцирани инспектори во општината, според области, категории и нивоа на работни места на инспекторите.( детален опис во прилог на Решението)

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted]несе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-42 на ден 05.03.2024 година. Во барањето наведе дека бара инофрмација за бројот на вработени лиценцирани инспектори во општината, според области, категории и нивоа на работни места на инспекторите.

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-42/1 од - 05.03.2024
2. Допис до Раководител на Општински Инспекторат со бр. 11-42/2 од 05.03.2024 година
3. Одговор од Општински Инспекторат со бр. 11-42/3 од 12.03.2024 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 13.03.2024 година, под бр. 11-42/4

**Службенено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

________________________

**Евгенија Чукалева**

________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА